Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 72, 10 декември 2011 година

декември 2011 година
Штип

## СОДРЖИНА

**ПРЕГЛЕД** на наслови на теми за изработка на магистерски/специјалистички труд одобрени од наставно-научниот совет на единицата ........ 3

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник за научните области електронски компоненти и интегрирана електроника на Електротехничкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 4

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно звање вонреден професор за наставно-научната област меѓународни економски односи и меѓународна економија на Економскиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 10

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во звање насловен доцент за наставно-научната област претприемништво на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 12

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во соработничко звање помлад асистент за научна област бизнис менаџмент на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 18

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракопис за учебник „Методика на наставата по книжевност-литературното дело и рецепиентот” од проф. д-р Виолета Димова, вонреден професор на Филолошкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 20

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот со наслов „Е-бизнис“ (учебник) од авторот проф. д-р Ристе Темјановски од Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 23

**РЕЦЕНЗИЈА** на книгата „Трансфузиски трансмисивни заболувања” од авторите д-р Никола Камчев и д-р Милка Камчева од Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 28

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Основи на програмирање“ од авторот д-р Владо Гичев од Факултет за информатика при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 34

**РЕЦЕНЗИЈА** на „Скрипта по предметот Трговско право“ од м-р Борка Тушевска, асистент на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 36

**РЕЦЕНЗИЈА** на „Практикум по предметот Трговско право“ од м-р Борка Тушевска, асистент на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 38

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Блажо Боев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

## РЕЦЕНЗИЈА

## РАКОПИС ЗА УЧЕБНИК „МЕТОДИКА НА НАСТАВАТА ПО КНИЖЕВНОСТ- ЛИТЕРАТУРНОТО ДЕЛО И РЕЦЕПИЕНТОТ" ОД ПРОФ. Д-Р ВИОЛЕТА ДИМОВА, ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР НА ФИЛОЛОШКИОТ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" – ШТИП

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип, како и Одлуката од 45. редовна седница на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет, одржана на 13.10.2011 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

– проф. д-р Благица Петковска, редовен професор на Педагошкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" и
– проф. д-р Виолета Тасевска – Пирузе, редовен професор на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" – Скопје,

за изготвување извештај – рецензија на приложениот ракопис за учебник со наслов **„МЕТОДИКА НА НАСТАВАТА ПО КНИЖЕВНОСТ- *литературното дело и рецепиентот*" од проф. д-р Виолета Димова, вонреден професор на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип.**

По прегледувањето на ракописот, рецензентската комисија до Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

Ракописот за учебник со наслов „Методика на наставата по книжевност – *литературното дело и рецепиентот*" е наменет за студентите од Катедрата за македонски јазик и книжевност по предметите: Теориски основи на методиката на наставата по македонски јазик, со фонд на часови 2+2; Теорија на методиката на наставата по книжевност, со фонд на часови 2+2; како и Практика на наставата по книжевност, со фонд на часови 1+5. Ракописот за учебник е направен според наставната програма по наведените предмети и е составен од 270 страници, А-4 формат.

Поделен е на пет (5) поглавја и тоа:

Вовед
Литературата и нејзиното значење;
Епистемолошките основи на методиката на наставата по литература;
Методичко-дидактички основи на методиката како наука;
Уметничкиот лик во наставата по литература;
За компетенциите на наставникот по литература;
Библиографија на користена литература и белетристика.

Уште веднаш на почетокот можеме да речеме дека авторката проф. д-р Виолета Димова има еден сосема нов пристап кон создавањето текст за учебник по методика, гледајќи на својот предметот на истражување – литературата во воспитно-образовниот процес и како на уметност и како на наставен предмет во литературното образование и воспитание. Учебникот започнува со „Наместо предговор", во кој наместо „гола" дидактика им дава можност на студентите да го увидат значењето на образованието низ проучувањето на литературата, како наставен предмет во целокупниот воспитно-образовен курикулум. Со изводок од *Бескрајната* приказна на Михаил Енде, авторката метафорички ја поврзува бескрајната „приказна на животот" со „бескрајната приказна" што се нарекува образование.

Во Воведот од овој ракопис – учебник се укажува на потребата од мултимедијално, интерактивно комуницирање со литературното дело во наставата по литература.

Во првото поглавје, насловено како **Литературата и нејзиното значење** зборува за нејзиното *индивидуално, социјално, културно* и *антрополошко значење*, а пак поврзано со значењето на литературата, авторката го поставува прашањето за потребата од читањето книги, наспроти нејзината рецепција како медиум: филм, театар, интернет и др.

Во второто поглавје со наслов **Епистемолошките основи на методиката на наставата по литература,** проф. д-р Виолета Димова ги покажува научните основи на методиката како синтетичка наука, која ѝ припаѓа на четвртата генерација научни дисциплини, заедно со комуникологијата, кибернетиката, биохемијата, електрониката и др. современи науки. Методиката, своите епистемолошки основи ги гради врз: литературологијата, педагогијата, психологијата. Авторката на концизен начин јасно укажува на врските меѓу *наставната и научната методологија*. Во ова поглавје се прикажани научните методи кои се користат при научните пристапи кон литературата, од кои поаѓа методиката, при градењето на методичките системи за проучување на литературата во воспитно-образовниот процес. Тоа се: методот на интерпретација, структуралистичкиот метод, семиотскиот, феноменолошкиот метод, методот на естетска комуникација, како и теоријата на рецепција – каде што е дадена мошне инструктивна табела, околу рецепцијата на литературата како книжевен текст, наспроти литературата како медиум, со цел да се потврди интенцијата на авторката за современи пристапи за рецепција и интерпретација на литературните дела во наставата.

Третото поглавје, насловено како **Методичко-дидактички основи на методиката како наука** ги содржи основните поставки на Методиката на наставата по литература како научна и практиколошка дисциплина, која е во постојана „потрага“ по нови и свежи идеи за современи пристапи во наставата во која ученикот е главен субјект на воспитно-образовниот процес. Во ова поглавје се прикажани т.н. *традиционални*, наспроти *современи* наставни системи, наставните методи, каде што доминира *методот на наставна интерпретација, методот на литературна комуникација,* а особено место им се дава на методите за критичко проценување, вреднување на литературните дела од страна на ученикот и самостојните активности на учениците. Освен што овој дел можеме условно да го наречеме „чисто“ методички, посебно сакаме да укажеме на она што е ново во овој дел, а тоа е воведувањето на медиумите во наставата по литература, не само како наставни средства, туку и како наставни теми, за кои учениците би требало да дискутираат, да ги компарираат со книжевните дела и најпосле да ги истражуваат како дел од наставните програми.

Четвртото поглавје - **Уметничкиот лик во наставата по литература** може да се окарактеризира како апликативен дел, во кој проф. д-р Виолета Димова практично ги применува претходно поставените методи и начини за современ пристап кон литературното дело, низ призмата на ликовите во него. Во овој дел ќе се сретнеме со повеќе шематски прикази и актанцијални модели, преземени од теоријата на литературата и модифицирани мошне функционално како наставни модели за современа наставна интерпретација со примери од дела од актуелната наставна програма по предметот Македонски јазик и литература, во основното и во средното образование. Овој дел е посебно значаен, не само за студентите, туку и за професорите од основните и средните училишта, кои преку овие примери може да се оспособуваат за осовременување на својата наставна практика.

Во последното петто поглавје - **За компетенциите на наставникот по литература,** авторката одговорила на најсовремените барање за еден ваков учебник по методика, бидејќи Болоњските процеси браат јасно и прецизно определени генерички и предметно-специфични компетенции и на наставникот и на студентите што ги стекнуваат со нивното образование на додипломските студии на соодветните факултети.

Во списокот на **Користена литература и белетристика,** авторката на ракописот за учебник по **Методика на наставата по книжевност –** ***литературното дело и рецепиентот*****,** проф. д-р Виолета Димова дава вкупно 93 библиографски единици од еминентни домашни странски научници и автори од областа на науката за литературата и белетристиката.

## З А К Л У Ч О К

Во ракописот за учебник **Методика на наставата по книжевност –** ***литературното дело и рецепиентот*** се третираат темелно и продлбочено фундаменталните истражувања во однос на методиката како наука и како практиколошка научна дисциплина, која своето место меѓу научните дисциплини со синтетизирачки карактер го наоѓа дури во 20 век.

Ракописот - учебник претставува оригинален и креативен начин на воведување на читателот – студент во проучувањето на најсовремените методи и начини на истражување на книжевните текстови и дела, предвидени со Наставната програма по литература во основното и во средното образование. Служејќи се со најновите истражувања и тенденции за унапредување на сите степени на образованието, проф. д-р Виолета Димова успева да направи извонреден спој помеѓу традиционалната и современата настава по литература. Ова е во исто време еден модерен учебник по методика на наставата по литература, наменет и за студентите и зна наставниците, но и за учениците/рецепиенти на литературата, како директни учесници во наставата.

Затоа, чест ни е и задоволство, на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип да му го препорачаме за печатење ракописот за учебник со наслов „**Методика на наставата по книжевност –** ***литературното дело и рецепиентот"***.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Благица Петковска, с.р.**
**Проф. д-р Виолета Тасевска - Пирузе, с.р.**